# Про-аргументи за легализирање на канабисот за рекреативна употреба во Република Северна Македонија

## Генерални информации за состојбата со канабисот

Потребата за легализирање на канабисот за рекреативна употреба во Република Северна Македонија доаѓа од фактот дека **на нашата економија и е потребна секоја дополнителна економска активност** која што може да помогне во подобрувањето на севкупниот економски и социјален амбиент.

Трендот на легализација на канабисот во светот датира од пред 20-ина години, 1996, од Калифорнија, САД, а РС Македонија се вклучува во истиот во 2016 година (со измените на Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ 37/2016). Со овие измени, во РС Македонија е дозволено одгледувањето и преработката на канабисот за медицинска и научна потреба. Во моментов, 2023 година, 60ина компании веќе имаат аплицирано или веќе успешно работат (со минимални ресурси, можно е да се направи солидна анализа на овој сектор и да се дефинираат мерки за поддршка на истиот). Потенцијалот на овој сектор е годишен обрт во висина од 300 мил. Евра (гледано на среден и долг рок, 4-8 години).

Но она што е многу поинтересено и поголемо е секторот за рекреативна употреба на канабисот. Следејќи ги светските искуства (на државите САД, Канада, Уругвај, Јужноафричка Република, Израел и др.) пазарните информации укажуваат на тоа дека овој пазар е 2 пати поголем од пазарот за медицинска употреба, поради неговите карактеристики:

1. **достапност** за секој граѓанин постар од 18 години без потреба да се оправдува и покажува одредена медицинска дијагноза,

2. **поливалентноста на секторот**, т.е импакт врз повеќе сектори во економијата (земјоделие, туризам, фармација, кондиторска индустрија, транспорт и намалување на буџетски расходи во одредени министерства) и позитивен импакт врз социјалниот амбиент (дестигматизација на одредени ризични групи и нивна реинтеграција во општеството (зависници од тешки дроги, жртви на насилство и други видови на трауми, воени ветерани и сл.).

## Вредноста на пазарот на канабис, во светот и во РС Македонија

На крајот на 2022 година, големината на пазарот на канабис (и за медицинска и за рекреативна употреба), изнесуваше околу 43,7 милијарди долари, со проекции истиот да достигне вредност од 57,2 милијарди долари во 2023 година. Што се однесува до проценките за раст на оваа индустрија на светско ниво, проценките се доста различни, но сите имаат позитивен тренд на раст. Според **Grand View Research** **(од Чикаго, САД)**, бизнисот со канабис во 2025 година ќе биде вреден околу 146 милијарди долари, со годишна стапка на раст од 35% (ова е најоптимистичката проценка за раст на овој сектор). Според **Fortune Business Insight**, вредноста на пазарот за канабис во 2030 година ќе изнесува фантастични 430 милијарди долари!!!

По однос на вработувањата, во 2022 година секторот канабис (медицинска и рекреативна употреба) вработувал повеќе од 430.000 луѓе.

Она што е интересно е дека оваа состојба нема да владее засекогаш. Високите маржи во секторот за рекреативна употреба на канабис ќе бидат присутни уште 10-ина години, затоа што во овој период се очекува се повеќе земји да прибегнат кон легализација или декриминализација на канабисот.

Легализацијата на канабисот за земјоделието и руралниот развој значи можност за одгледување на нова култура која ќе генерира дополнителен приход, со цена кој а е повисока од било која друга агрокултура. Само за споредба, цената на најквалитетниот канабис во САД (во малопродажба), во 2017 година била од 5 до 20 долари за грам (!!!), додека пак цената на канабисот кој што се одгледува за производство на масло се движи околу 2 до 3 долари за грам. Мора да признаеме дека станува збор за сектор кој може да направи големи позитивни поместувања во нашата држава. Во случајот на Македонија, овие цени би биле и помали, но далеку поконкурентни од било која друга култура. Овде мора да се спомне дека цената на канабисот се одржува на високо ниво со поставување на висок праг за влез во истиот.

Од друга страна пак, според неофицијални проценки на Еуропол, вредноста на црниот пазар на канабис во Албанија изнесува околу 6 милијарди евра за 2017 година (7 милијарди долари). Ова се однесува само на производство и нелегален извоз.

Информација за црните (нелегални) пазари за канабис во светот: Во Велика Британија, пазарот се смета дека изнесува околу 3,5 милијарди долари; во Канада, во 2017 година, граѓаните поттрошиле околу 650.000 кг канабис, вреден околу 5,7 милијарди долари; Франција има пазар на нелегален канабис вреден околу 800 милиони евра и сл.

Што се однесува до РС Македонија, неофицијалните груби проценки за црниот пазар во Македонија се дека истиот се движи помеѓу 40 и 60 милиони евра. Но со легализирање на рекреативната употреба на канабисот, овој сектор има потенцијал да достигне вредност од 300 милиони долари, вклучувајќи одгледување на зелена маса, преработка во масло, кондиторски производи и други преработки, приходи од туризам (хорека сектор) и други сектори (текстил градежни материјали, пелети и сл.,во под-секторот индустриски коноп).

Што се однесува до бројот на потрошивачи на македонскиот пазар, ситуацијата е следна: Институтот за јавно здравје на Србија „Др. Милан Јовановиќ Батут, кои во едно истражување од 2016 година дошле до информација дека во Србија канабис конзумираат околу 7,7 % од популацијата од 18 до 64 години; ако истиот овој процент се земи и за РС Македонија, доаѓаме до податок дека кај нас бројот на потенцијални корисници изнесува околу 140.000 корисници. Но доколку канабисот е легален производ во Македонија, учеството на туристите во овој пазар, истиот најмалку би го дуплирале. Исто така и Европскиот мониторинг центар за дроги и зависности од дроги, од Лисабон, Португалија, смета дека во секоја земја просекот на корисници на канабис изнесува помегу 7-8% од полнолетната популација. Овој процент се зголемува во земјите кои го имаат легализирано канабисот до 15% и тој пораст се должи пред се на зголемување на бројот на корисници кај повозрасните граѓани.

## Најголеми глобални играчи на пазарот за канабис

Денес во светот постојат доста големи компании кои се занимаваат со овој бизнис, и ова се дел од нив: Scythian, Innovative Industrial Properties (NYSE: IIRP), AbbVie Inc (NYSE: ABBV), Zynerba Pharmaceuticals (NASDAQ: ZYNE), Insys Therapeutics (NASDAQ: INSY), Compass Diversified Holdings (NYSE: CODI), Marigold, MMJ Colombia, ABP and ColCanna, Canopy Growth Corporation, Aphria, Inc., Aurora Cannabis, Maricann Group, Inc., Tilray, The Cronos Group, Organigram Holdings, Inc, ABcann Medicinals, Inc., and Tikun Olam. Но важно е да се спомне дека и многу познати интернационални

корпорации планираат влез во овој сектор, и тоа компании кои се сопственици на брендовите: Кока Кола, Хајнекен, Корона и др.

## Економски аспекти на потребата за легализација на рекреативната употреба на канабис

Потребата за легализација на рекреативната употреба на канабисот во РС Македонија доаѓа пред се од економскиот аспект. Структурата на македоснкото земјоделство не е најповолна и истата не дава солидна основа за раст. Пример за тоа е тутунот како култура. Производството на ориентален тутун во РС Македонија, како земја аспирант за членство во ЕУ, нема иднина. Зошто? Затоа што ЕУ, веќе од поодамна има преземо обврски спрема СТО (Светската Трговска Организација) дека на нејзина територија нема да се сади тутун (при тоа ЕК, Европската Комисија, нема да го забрани производството, туку ќе ги прекини програмите за субвенционирање на оваа култура). Истата обврска е со цел, да им се даде можност на посиромашните земји во развој да го преземат одгледувањето на оваа култура. Од оваа, засега сеуште стратешка култура, во РС Македонија живеат околу 22.000 семејства. Приходот од тутунот, од реколтата 2017 изнесуваше околу 120 милиони евра (со вклучени субвенции), што би значело дека едно семејство годишно заработило 5500 евра. Ова значи дека колку побрзо почниме да ги синхронизираме нашите политики, со политиките и директивите на ЕУ, толку побрзо ќе се адаптираме на новите пазарни услови. Но да не се добие погрешен впечаток, одгледувањето на канабис за рекреативна употреба, нема во целост да претставува замена за тутунот. Канабисот може само делумно да помогне во амортизирањето на дел од проблемите кои би произлегле од имплементацијата на заедничката земјоделска политика на ЕУ (посебно во делот за тутун).

Спротивно на тутунот, канабисот е култура со голема додадена вредност, висока маржа и со поливалентен импакт во економијата, и тоа во секторите: земјоделство и рурален развој, туризам, фармација, прехрана (со посебен фокус на кондиторската индустрија), транспорт, производство на текстил, производство на пелети и градежни материјали и сл. Оваа култура може да обезбеди нови легални парични текови, дополнителен даночен приход, отворање на нови работни места, развој и истражување во нов сектор, дополнителен прилив за ФПИОМ и други придобивки. Не е за потценување ниту моментот на заштеда на буџетски средства кај институциите кои би имале намален обем на работа. Тоа се пред се: Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда. Со самиот факт што ќе се легализира овој сектор, се намалува обемот на работа на овие институции (полиција и правосудни органи), дури до 25%.

Најголемиот позитивен импакт во економската сфера може да се очекува во туризмот. Поливалентноста на ефектите од легализацијата на канабисот најдобро ќе се видат во подсегментите на сместување, исхрана и транспорт. Општо познато е дека туризмот е форма на извоз, во која производот не мора да ја помине границата, туку конзументот сам доаѓа во домицилната земја да го конзумира. Надополнувањето на туристичката понуда со едно вакво специфично искуство ќе има сериозно квалитетно поместување и ќе обезбеди прилив на туристи кои се високо платежно способни. Слободно може да се каже дека ова би претставувало наша главна конкурентска предност. Само како пример би ја навел состојбата со градот Амстердам, во Холандија, кој што претставува синоним за слободна употреба / слободно уживање на канабис. Според официјалните статистички податоци за 2014 година, Амстердам го посетиле 5,2 милиони туристи од кои 25 до 30 проценти доаѓаат за непречено уживање во канабисот (тоа е бројка од 1,5 милиони туристи). Имајќи ги во предвид пресметките за дневната

потрожувачка на туристите во овој град, која што изнесува 214 евра на ден, се доаѓа до податок дека туристите кои што доаѓаат за рекреативна употреба на канабис во Амстердам, трошат најмалку 300 милиони евра, на годишно ниво (секторот расти со годишна стапка од 5%).

**Заклучок и препорака**: Влада на РС Македонија треба доста сериозно да се зафати со анализирање на потенцијалите на секторот рекреативна употреба на канабис. Таа анализа би се состоела од: изработка на компаративна анализа на конкретни политики од различни земји во светот, и тоа во делот на правна анализа, анализа на бизнис модели и политичка анализа. После комплетирањето на овие анализи треба да се формира меѓуресорска група (техничка работна група) за припрема на законско решение (кое би вклучувало и стратегија за развој на секторот, изработка на lex specialis за секторот и воспоставување на институции за водење на секторот) која би имала за цел да ги хармонизира законските и правните работи. За успешна реализиција на овој процес потребна е што поголема партиципативност, т.е вклучување на што повеќе институции во истиот (јавни институции, приватен сектор, наука и граѓански сектор). Паралелно со ова, треба да се направи и јавна кампања која би имала за цел да го запознае населението со придобивките од ваквите либерални политики. Како процес, тоа не би трела да трае повеќе од 12 месеци и истиот успешно би го реализирала проектна единица со 6-7 локални експерти.